Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26 и 138/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6 јули 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од хидроелектроцентрала МХЕЦ "ГАБРОВСКА РЕКА со реф.бр.104" издадена на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 65/21, 272/21, 105/22, 185/22, 6/23, 112/23, 172/23, 240/23, 79/24, 158/24, 195/24, 5/25, 21/25, 80/25, 112/25, 169/25 и 210/25).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "7 јули 2026 година" се заменуваат со зборовите "7 октомври 2026 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со седиште на ул. „Илинденска" бр.309-кат.6 Тетово (во понатамошниот текст: Друштво), на 29 јуни 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ "ГАБРОВСКА РЕКА со реф.бр.104", УП1 бр.12-283/26 од 29 јуни 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 65/21, 272/21, 105/22, 185/22, 6/23, 112/23, 172/23, 240/23, 79/24, 158/24, 195/24, 5/25, 21/25, 80/25, 112/25, 169/25 и 210/25).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци. Друштвото го комплетираше барањето на 1 јули 2026 година.

Друштвото побара продолжување на лиценцата за пробна работа за период од три месеци.

Друштвото има доставено Изјава од надзорен инженер во врска со тестирањето на опрема во мала хидроелектрична централа МХЕ 104 Габровска река Ани Енергетика, од 29 јуни 2026 година.

Друштвото достави и Анекс на договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со број 12-885/1 од 28 јануари 2011 година, склучен помеѓу Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини со арх. бр. 12-1106/8 од 3 јуни 2026 година и Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово со бр.03-1/1 од 3 јуни 2026 година, во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот се продолжува до 4 август 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1091/2 од 6 јули 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 6 јули 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на хидроелектроцентрала МХЕЦ "ГАБРОВСКА РЕКА со реф.бр.104" издадена на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово за период од три месеци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-283/26**
**6 јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**